РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2252/1
19-06-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 33-та седница одржана на ден 11.06.2026 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2141/1 од 12.08.2025 година, **СЕ ОТФРЛА** поради тоа што нема елементи за надлежно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2141/1 од 12.08.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата, на ден 12.08.2025 година, е поднесена пријава од непознат подносител која не содржи податоци за контакт на пријавителот, ниту адресни податоци, ниту име и презиме и потпис, по која е оформен предмет со број 12-2141/1 од 12.08.2025 година. Во прилог на пријавата е доставена медицинска документација: извештаи, отпусно писмо и наод за лице кое се лекувало во повеќе јавни здравствени установи, на одделите за психијатрија. Во пријавата се искажува незадоволство од задржувањето за лекување на Клиниката за психијатрија во Скопје во 2024 година.

По разгледувањето на наводите од пријавата, Државната комисија констатира дека истата не содржи наводи кои се предмет на нејзино надлежно постапување во смисла на член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., Член на ДКСК